РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) МАРКЕТИНГ, ПО ПРЕДМЕТИТЕ: МАРКЕТИНГ ИСТРАЖУВАЊЕ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА, НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 173 од Законот за високото образование, членовите 30 и 31 од Правилникот за критериумите за постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а во врска со конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје/Економски факултет - Скопје, објавен во весниците ,,Нова Македонија" и ,,Коха" од 9.5.2019 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) маркетинг, по предметите: Маркетинг истражување и Односи со јавноста, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 31.5.2019 година, донесе Одлука со број 02-1102/7 од 3.6.2019 година за формирање Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно научни звања во научната област: маркетинг, по предметите, Маркетинг истражување и Односи со јавноста. Рецензентската комисија е во состав: Снежана Ристевска-Јовановска, редовен професор на Економскиот факултет-Скопје, д-р Анита Циунова-Шулеска, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје и д-р Нада Секуловска, редовен професор во пензија на Економскиот факултет во Скопје.

По разгледувањето на пристигнатите пријави, Комисијата го изготви референтот во согласност со член 173 од Законот за високото образование и членовите 33, 34, 35 и 36 од Правилникот за -стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и во врска со тоа го поднесува следниов

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) маркетинг, по предметите: Маркетинг истражување и Односи со јавноста, во предвидениот рок се пријави доц. д-р Николина Паламидовска-Стерјадовска.

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката доц. д-р Николина Паламидовска-Стерјадовска е родена на 10.02.1984, во Битола. Средно образование завршила во Битола во 2002 година. Со високо образование се стекнала на Економскиот факултет во Скопје во 2006 година на департманот по маркетинг, каде дипломирала со просечен успех 9,56.

Во март 2007 година е избрана за помлад асистент на група предмети од областа на маркетингот на Економски факултет-Скопје, Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје.

Во учебната 2007/2008 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Маркетинг на Економскиот факултет-Скопје. Студиите ги завршила во 2011 година, со просечен успех 10,00. На 5.5.2011 година го одбранила

магистерскиот труд на тема: „Модели за мерење на задоволството на потрошувачите како предуслов за градење долгорочни односи" и се стекнала со звањето магистер по економски науки од областа на маркетингот.

Докторска дисертација пријавила во 2011 година на Економскиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: „Влијание на квалитетот на услугата врз финансиските перформанси на компаниите - емпириско истражување на банкарскиот сектор во Р. Македонија" ја одбранила на 15.11.2013 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Нада Секуловска, проф. д-р Снежана Ристевска-Јовановска, проф. д-р Анита Циунова-Шулеска, проф. д-р Митре Стојановски и проф. д-р Весна Буцевска. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област економски науки.

На 31.01.2014 година е избрана во звањето доцент на Економскиот факултет во Скопје во областа маркетинг, по предметот Маркетинг истражување и до денес успешно ги извршува обврските на оваа работна позиција. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1069 од 15.1. 2014 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 1069 од 15.1. 2014 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

Кандидатката доц. д-р Николина П. Стерјадовска активно се служи со англискиот јазик, а има познавање и на францускиот јазик. Дополнително, кандидатката ги владее софтверските апликации Microsoft Office, SPSS, AMOS, SmartPLS.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ/Економски факултет - Скопје, кандидатката доц. д-р Николина Паламидовска-Стерјадовска изведува настава и вежби на прв циклус студии по предметите: Маркетинг истражување и Односи со јавноста; на втор циклус студии по предметите: Маркетинг истражување, на студиската програма Маркетинг-едногодишни студии и Односи со јавноста, на студиската програма Маркетинг-двогодишни студии. Во изведувањатаа на наставата, кандидатката користи соодветни наставно-образовни методи со што успешно ја организира и спроведува наставата. Покрај предавањата, кандидатката секојдневно е ангажирана со консултации со студенти од различни ниво на студии и водење проектни задачи, дипломски трудови и сл. Дополнително, кандидатката е вклучена во подготовка и оценка на испитни прашања и во организација на испити/колоквиуми по соодветните предмети.

Кандидатката доц. д-р Николина Паламидовска-Стерјадовска била ментор на 30 дипломски трудови. Таа учествувала како член во комисија за оцена/ одбрана на 133 дипломски труда, на 6 магистерски труда и на 2 докторски дисертации.

Кандидатката има подготвено пакет материјали за предавања по предметот Односи со јавноста.

Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

<u>Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност</u>

Доц. д-р Николина Паламидовска-Стерјадовска има објавено вкупно 11 научни труда, од кои три труда со оригинални научни резултати објавени во научни списанија кои имаат импакт-фактор, индексирани во Web of Science; два труд со оригинални научни резултати објавени во научно списание со меѓународен уредувачки одбор; два труда и еден апстракт со оригинални научни/стручни резултати објавени во зборници на трудови од научни/стручни собири со меѓународен уредувачки одбор; и три труда објавени во зборник на трудови на високообразовна институција. Учествувала на 2 конференции со усна презнетација. Подолу е дадена листата на објавени трудови:

1. Prodanova, J., Ciunova-Shuleska, A., and Palamidovska-Sterjadovska, N. (2019), Enriching m-banking perceived value to achieve reuse intention, *Marketing Intelligence & Planning*, https://doi.org/10.1108/MIP-11-2018-0508
2. Ciunova-Shuleska, A., and Palamidovska-Sterjadovska, N. (2018) Emotions, Personality Traits and Satisfaction: Assessment and Model Development, *26th EBES Conference Proceedings*, Prague, Czech Republic, pp.538-548.
3. Palamidovska-Sterjadovska, N. and Ciunova-Shuleska, A. (2017), An integrated model of customer loyalty in the Macedonian mobile service market, *E+M Ekonomie a Management*, *20*(2), 199-215. Social Science Citation Index (Web of Science) Thomson Reuters, 2017 Impact Factor: 1.311
4. Ciunova-Shuleska, A., Palamidovska-Sterjadovska, N., Osakwe, C.N. and Omotoso, J. (2017), The Impact of Customer Retention Orientation and Brand Orientation on Customer Loyalty and Financial performance in SMEs: Empirical Evidence from a Balkan Country, *Journal of East European Management Studies*, *22*(1), pp.83-104. Social Science Citation Index (Web of Science) Thomson Reuters, 2017 Impact Factor: 0.794
5. Brzovska, E. and Palamidovska-Sterjadovska, N. (2017), Perception and intention for buying private label in particular product categories among Macedonian consumers, *International Journal of Multidisciplinarity in Business and Science*, *3*(3), pp.54-61.
6. Паламидовска-Стерјадовска, Н. (2017), Тестирање на димензионалноста на квалитетот на услугата во банкарскиот сектор во Р. Македонија, *Годишник на Економски факултет-Скопје*, Том 52, стр. 305-319.
7. Palamidovska-Sterjadovska, N. (2017), Developing an instrument for measuring banking service quality, *26th International Scientific Conference on Economic and Social Development - "Building Resilient Society", Zagreb, Croatia,* 8-9 December 2017, pp. 448-457.
8. Mamucevska, D., Ciunova-Shuleska, A. and Palamidvoska-Sterjadovska, N. (2017), Satisfaction, price fairness and loyalty: the case of the Macedonian telecommunications market, *Silver Jubilee Conference of the 25th Anniversary of the MBA Management Master Studies, Faculty of Economics-Skopje, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje*, Skopje, Macedonia, 17-18 November 2017 (in print).
9. Ciunova-Shuleska, A., Osakwe, C. N. and Palamidovska-Sterjadovska, N. (2016), Complementary impact of capabilities and brand orientation on SMBs performance,

Journal of Business Economics and Management, 17(6), pp.1270-1285. Social Science Citation Index (Web of Science) Thomson Reuters, 2016 Impact Factor: 0.968

10. Паламидовска-Стерјадовска, Н. (2015), SERVQUAL наспроти SERVPERF: алтернативни модели за мерење на квалитетот на банкарската услуга во Р. Македонија, *Годишник на Економски факултет-Скопје*, Том 50, стр. 369-384.
11. Паламидовска-Стерјадовска, Н. (2014), "Квалитативна анализа на квалитетот на услугата во банкарскиот сектор во Р. Македонија", *Годишник на Економски факултет-Скопје*, Том 49, стр. 271-285.

Во изборниот период, доц. д-р Николина Паламидовска-Стерјадовска била раководител на еден национален научен проект и ко-автор на монографија.

Називите на трудовите, проектите и сл. се наведуваат во табелата во Анекс 2 од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>

Доц. д-р Николина Паламидовска-Стерјадовска активно е вклучена во работата на бројни комисии на Економскиот факултет во Скопје при УКИМ, и тоа:

- Учество во промотивни активности „Отворени денови на Економски факултет - Скопје" и посета и презентации по средни училишта во Скопје.☐
- Заменик претседател на Комисијата за определување на дисциплинска одговорност на студентите на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет-Скопје
- Член на Комисијата за спроведување на постапката за избор на декан на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет-Скопје, 2014
- Член на Комисијата за спроведување Анкета за односот на наставниците и соработниците кон наставата на УКИМ, Економски факултет-Скопје (2014-2018)
- Секретар на Катедрата за маркетинг (2014-2019)
- Член на тимот на Центарот за кариера на Економскиот факултет-Скопје
- Член на Комисија за јавни набавки
- Член на Комисија за промотивни активности
- Член на Комисија за изработка на библиографија 2001-2015
- Член на Комисија за изработка на издание под наслов „Предметни програми за студентите од прв циклус студии" и Водич низ студиите наменет за студентите кои ќе се запишат на прв и втор циклус студии на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет – Скопје.

Во изборниот период, доц. д-р Николина Паламидоска-Стерјадовска учествувала во изработка на Економска студија на пазарот на електронски комуникации во Република Македонија во 2014. Дополнително, кандидатката остварила студиски престој на Економскиот факултет во Загреб при Универзитетот во Загреб, Хрватска во 2015 година.

Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на доц. д-р Николина Паламидовска-Стерјадовска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес (вкупно пресметани 105,353 поени, од кои во наставно-образовната дејност – 57,142 поен, во научно-истражувачката дејност – 33,711 поени и во стручно-апликативната дејност - 14,5 поени), Комисијата заклучи дека доц. д-р Николина Паламидовска-Стерјадовска ги исполнува законските општи услови и посебните услови според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за избор во вонреден професор во научната област маркетинг, по предметите: Маркетинг истражување и Односи со јавноста.

Во досегашниот ангажман во наставно-образовниот процес, доц. д-р Николина Паламидовска-Стерјадовска ги извршувала работните обврски со високо ниво на професионалност и посветеност. Значајни резултати кандидатката постигнала и во научно-истражувачката област, а особено преку објавувањето трудови во реномирани меѓународни списанија со имапкт-фактор и меѓународни научни конференции. Дополнително, кандидатката посветено ги извршувала и сите активности во рамките на факултетските комисии и други активности од стручно-апликативна дејности и од поширок интерес.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, доц. д-р Николина Паламидовска-Стерјадовска да биде избрана во звањето вонреден професор во научната област маркетинг, по предметите: Маркетинг истражување и Односи со јавноста.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Снежана Р. Јовановска**
2. **Проф. д-р Анита Ц. Шулеска**
3. **Проф. д-р Нада Секуловска**

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Николина Паламидовска-Стерјадовска**

Институција: **Економски факултет - Скопје**

Научна област: **маркетинг**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Одржување на настава** [неделен број на часови * број на работни недели во семестар * бодување * години на изведување на настава] Прв циклус студии ▪ Маркетинг истражување 4*15*0.04*5=12 ▪ Односи со јавноста *4*15*0.04*4 = 9.6 Втор циклус студии ▪ Маркетинг истражување - Маркетинг 40*0,05*1=2	23.6
2	**Одржување на вежби** [неделен број на часови * број на работни недели во семестар * бодување * години на изведување на вежби] Прв циклус студии ▪ Маркетинг истражување 2*15*0.03*5=4.5 ▪ Односи со јавноста 2*15*0.03*4=3.6	8.1
3	**Консултација со студенти** [број на студенти * бодување] Прв циклус на студии ▪ Маркетинг истражување 550 *0.002= 1.1 ▪ Односи со јавноста 400*0.002=0.8 Втор циклус на студии ▪ Маркетинг истражување-Маркетинг (едногодишни студии) 18*0,002=0.036 ▪ Односи со јавноста-Маркетинг (двогодишни студии) 2*0,002=0.004 Трет циклус на студии 1*0,002=0,002	1.942

4	**<u>Ментор на дипломска работа</u>** [број на менторства * бодување 0.2] ▪ Маркетинг истражување 7*0.2=1.4 ▪ Односи со јавноста 23*0.2=4.6	6
5	**<u>Член на комисија за оцена или одбрана на докторат</u>** [број на комисии * бодување 0.7] 2*0.7=1.4	1.4
6	**<u>Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура</u>** [број на комисии * бодување 0.3] 6*0.3=1.8	1.8
7	**<u>Член на комисија за оцена или одбрана на дипломски труд</u>** 133 *0.1=13.3	13.3
8	**<u>Пакет материјали за одреден предмет</u>** ▪ Пакет материјали за предавања по предметот *Односи со јавноста*	1
	Вкупно	57.142

НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**<u>Раководител на национален научен проект</u>** • "Развивање национален индекс на задоволство на потрошувачите во Република Македонија", финансиран од УКИМ, 2015	6
2	**<u>Монографија</u>** • "Развивање национален индекс на задоволство на потрошувачите во Република Македонија", декември 2015 (8*0.8)	6.4
3	**<u>Труд со оригинални научни резултати објавен во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование</u>** • Palamidovska-Sterjadovska, N. and Ciunova-Shuleska, A. (2017), An integrated model of customer loyalty in the Macedonian mobile service market, *E+M Ekonomie a Management*, *20*(2), 199-215. Country: Czech Republic Social Science Citation Index (Web of Science) Thomson Reuters, 2017 Impact Factor: 1.311	8.511

	8*0.9=7.2+1.311=8.511	
4	**<u>Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број членови (5 поени)</u>** • Prodanova, J., Ciunova-Shuleska, A., and Palamidovska-Sterjadovska, N. (2019), Enriching m-banking perceived value to achieve reuse intention, *Marketing Intelligence & Planning*, https://doi.org/10.1108/MIP-11-2018-0508 (5*0.8=4)	4
5	**<u>Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција (по 2 поени)</u>** • Паламидовска-Стерјадовска, Н. (2014), "Квалитативна анализа на квалитетот на услугата во банкарскиот сектор во Р. Македонија", *Годишник на Економски факултет-Скопје,* Том 49, стр. 271-285. • Паламидовска-Стерјадовска, Н. (2015), SERVQUAL наспроти SERVPERF: алтернативни модели за мерење на квалитетот на банкарската услуга во Р. Македонија, *Годишник на Економски факултет*, Том 50, стр. 369-384. • Паламидовска-Стерјадовска, Н. (2017), Тестирање на димензионалноста на квалитетот на услугата во банкарскиот сектор во Р. Македонија, *Годишник на Економски факултет*, Том 52, стр. 305-319.	6
6	**Апстракт објавен во зборник на конференција (меѓународна) (1 поен)** • Mamucevska, D., Ciunova-Shuleska, A. and Palamidvoska-Sterjadovska, N. (2017), Satisfaction, price fairness and loyalty: the case of the Macedonian telecommunications market, *Silver Jubilee Conference of the 25th Anniversary of the MBA Management Master Studies, Faculty of Economics-Skopje, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje*, Skopje, Macedonia, 17-18 November 2017. (1*0.8)	0.8
7	**Учество на научен/стручен собир со реферат (усна презентација) (по 1 поен)** • Palamidovska-Sterjadovska, N. (2017), Developing an instrument for measuring banking service quality, *26th International Scientific Conference on Economic and Social Development - "Building Resilient Society", Zagreb, Croatia,* 8-9 December 2017.	2

	• Mamucevska, D., Ciunova-Shuleska, A. and Palamidvoska-Sterjadovska, N. (2017), Satisfaction, price fairness and loyalty: the case of the Macedonian telecommunications market, *Silver Jubilee Conference of the 25th Anniversary of the MBA Management Master Studies, Faculty of Economics-Skopje, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje*, Skopje, Macedonia, 17-18 November 2017.	
	Вкупно	33.711

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**<u>Студија, физибилити студија, истражување на пазарот</u>** [учесник/соработник 1 поен] • Економска студија на пазарот на електронски комуникации во Република Македонија, октомври-ноември 2014	1
2	**<u>Студиски престој во странство</u>** <u>(0.5 поени)</u> • Студиски престој на Универзитетот во Загреб, во периодот од 29.09.2015 до 02.10.2015	0.5
3	**<u>Учество во промотивни активности на факултетот</u>** ▪ Учество во промотивни активности „Отворени денови на Економски факултет - Скопје“ и посета и презентации по средни училишта во Скопје (2014, 2015, 2017, 2018 и 2019) 5 периоди * 0.5 поени= 2.5	2.5
4	**<u>Член на факултетска комисија</u>** ▪ Заменик претседател на Комисијата за определување на дисциплинска одговорност на студентите на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Економски факултет-Скопје (2014-2015) 2 периоди * 0.5 поени = 1 ▪ Член на Комисијата за спроведување на постапката за избор на декан на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Економски факултет-Скопје, 2014 1 период * 0.5 поени = 0.5 ▪ Член на Комисијата за спроведување Анкета за односот на наставниците и соработниците кон наставата на УКИМ, Економски факултет-Скопје (2014-2018) 4 периоди * 0.5 поени = 2 ▪ Секретар на Катедрата за маркетинг (2014-2019) 5 периоди * 0.5 поени = 2.5 ▪ Член на тимот на Центарот за кариера на Економскиот факултет-Скопје, 2015 2 периоди * 0.5 поени = 1 ▪ Член на Комисија за јавни набавки (2015, 2016, 2017) 3 периоди * 0.5 поени = 1.5	10.5

	▪ Член на Комисија за промотивни активности, 2015 1 период * 0.5 поени = 0.5 ▪ Член на Комисија за изработка на библиографија 2001-2015, 2015 1 период * 0.5 поени = 0.5 ▪ Член на Комисија за изработка на издание под наслов „Предметни програми за студентите од прв циклус студии" и Водич низ студиите наменет за студентите кои ќе се запишат на прв и втор циклус студии во учебната 2017/2018 година на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет – Скопје, 2017 1 период * 0.5 поени = 0.5 ▪ Член на Комисија за изработка на издание под наслов „Предметни програми за студентите од прв циклус студии" и Водич низ студиите наменет за студентите кои ќе се запишат на прв и втор циклус студии во учебната 2018/2019 година на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет – Скопје, 2018 1 период * 0.5 поени = 0.5	
	Вкупно	14.5

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	57.142
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	33.711
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	14.5
Вкупно	105.353

Членови на Комисијата

1. **Проф. д-р Снежана Р. Јовановска**
2. **Проф. д-р Анита Ц. Шулеска**
3. **Проф. д-р Нада Секуловска**

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Николина Владо Паламидовска-Стерјадовска
(име, татково име и презиме)
Институција: Економски факултет-Скопје
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: Маркетинг

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

Ред. Број	Општи услови	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: ___9.56_____ Просечниот успех на втор циклус изнесува: __10.00____ Просечниот успех изнесува ____9.78____за интегрираните студии.	ДА
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: _маркетинг__, поле __економски науки, подрачје _општествени науки__.	ДА
3	Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	ДА
3.1/1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: Journal of Business Economics and Management 2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science 3. Наслов на трудот: Complementary impact of capabilities and brand orientation on SMBs performance 4. Година на објава: 2016	ДА
3.1/2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо	ДА

	образование 1. Назив на научното списание: Journal of East European Management Studies 2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science 3. Наслов на трудот: The Impact of Customer Retention Orientation and Brand Orientation on Customer Loyalty and Financial performance in SMEs: Empirical Evidence from a Balkan Country 4. Година на објава: 2017	
3.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови 1.Назив на научното списание: International Journal of Multidisciplinarity in Business and Science 2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): _вкупно 27 членови, од кои 12 од Хрватска, 5 од БиХ, 2 од Србија и по еден од Јужна Африка, Австрија, Турција, Португалија, Јапонија, Канада, Полска, Кина 3. Наслов на трудот: Perception and intention for buying private label in particular product categories among Macedonian consumers 4. Година на објава: __2017__	ДА
3.3	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД 1.Назив на научното списание: _________ 2.Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД_________ 3. Наслов на трудот: _____________ 4. Година на објава: _____________	
3.4	Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД 1. Наслов на книгата: _________ 2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД_________ 3. Издавач, година и место на издавање/објавување: _____________	
3.5/1	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1.Назив на зборникот: 26th EBES Conference – Prague Proceedings 2.Назив на меѓународниот собир: 26th EBES Conference – Prague 3.Имиња на земјите: Израел, Турција, Полска и др. 4. Наслов на трудот: Emotions, personality traits and satisfaction: Assessment and model development 5. Година на објава: 2018	ДА
3.5/2	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1.Назив на зборникот: Book of Proceedings of the 26th International Scientific Conference on Economic and Social Development “Building Resilient Society” 2.Назив на меѓународниот собир: 26th International Scientific	ДА

	Conference on Economic and Social Development "Building Resilient Society", Zagreb 3.Имиња на земјите: Хрватска, Нигерија, Австралија и др. 4. Наслов на трудот: Developing an instrument for measuring banking service quality 5. Година на објава: 2017	
4.	Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен: 15.01.2014, бр. 1069	
5.	Има способност за изведување на високообразовна дејност	ДА

Членови на Комисијата

1. **Проф. д-р Снежана Р. Јовановска**
2. **Проф. д-р Анита Ц. Шулеска**
3. **Проф. д-р Нада Секуловска**

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Економски факултет - Скопје

Бр. 02-1753/6 Дата. 12.09 2019 година

Врз основа на член 110, 174 и 175 од Законот за високото образование (Сл.весник на Р.Македонија бр.82/18), и член 42 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно – научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.411 од 5.11.2018 година), Наставно – научниот совет на седницата одржана на ден 6.9.2019 година, ја донесе следната

О Д Л У К А

1. Кандидатот д-р Николина Паламидовска Стерјадовска, се избира за наставник во научната област: маркетинг по предметите: Маркетинг истражување и Односи со јавноста..

2. Д-р Николина Паламидовска Стерјадовска се стекнува со наставно – научно звање вонреден професор започнувајќи од денот на донесување на оваа одлука.

3. Д-р Николина Паламидовска Стерјадовска согласно Законот за високото образование се избира за вонреден професор за период од 5 години, односно во периодот од 6.9.2019 до 5.9.2024 година.

4. Платата на д-р Николина Паламидовска Стерјадовска ќе се утврди со посебно решение.

О б р а з л о ж е н и е

На конкурсот за избор на наставник во сите наставно – научни звања во научната област: маркетинг по предметите: Маркетинг истражување и Односи со јавноста., објавен во Нова Македонија и Коха на ден 9.5.2019 година, се пријави само кандидатот д-р Николина Паламидовска Стерјадовска.

Рефератот на Рецензентската комисија е објавен во Билтенот на Универзитетот бр.1195 од 1.7.2019 година.

Против изготвениот реферат на Рецензентската комисија во предвидениот рок, не е поднесен приговор.

Одборот за соработка и доверба со јавноста на Економскиот факултет – Скопје, на седницата одржана на ден 3.9.2019 година, даде позитивно мислење за предлогот наведен во објавениот рецензентски извештај.

Наставно – научниот совет на седницата одржана на ден 6.9.2019 година, го прифати предлогот на Рецензентската комисија во состав:

- Проф. д-р Снежана Р.Јовановска
- Проф. д-р Анита Ц. Шулевска
- Проф. д-р Нада Секуловска

И ја избра д-р Николина Паламидовска Стерјадовска за наставник во наставно – научно звање вонреден професор, во научната област: маркетинг по предметите: Маркетинг истражување и Односи со јавноста..

Прилог на оваа одлука претставува рецензентскиот извештај.

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Оваа одлука да се достави до: д-р Николина Паламидовска Стерјадовска, оддление за финансиско, сметководствено и материјално работење, одделение за студентски прашања, раководител на катедра, персонално досие, досие на седницата и архива.

ДЕКАН

Проф. д-р Предраг Трпески

Изработил:Д.К